**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
**- Одбор за подигање спомен обележје**
**на „ Пјетер Богдани„**
**31.05.2011 год.**
**С к о п ј е**

**ДО**

**СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР**
**С К О П Ј Е**

Согласно Одлуката за подигање спомен обележје на „Пјетер Богдани„ бр. 07-3498/32 од 27.10.2010 година /„Службен гласник на Општина Центар„ бр. 16/2010/ донесена од Советот на Општина Центар-Скопје, Одборот за спроведување постапка за подигање спомен обележје на „Пјетер Богдани„, го поднесува следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

Одборот за спроведување постапка за подигање спомен обележје на „ Пјетер Богдани„ формиран со Одлука на Советот на Општина Центар бр. 07-3498/32 од 27.10.2010 година, утврди текст на Конкурс за изработка на идеен проект за подигање спомен обележје на „ Пјетер Богдани„ и Проектна програма.

Одборот одреди Конкурсот да се објави во дневните весници „Време„ „Дневник„ и „Лајм„ и рокот на траење на Конкурсот да биде до 10.01.2011 година.

Во утврдениот рок на траење на конкурсот пристигнаа 7 конкурсни трудови заедно со приложената документација.

Одборот констатира дека сите 7 трудови се пристигнати во предвидениот рок истите се комплетни и пристапи кон поединечно оценување на секој труд.

По поединечното оценување на секој труд, на седницата што ја одржа на ден 26.05.2011 година, Одборот одлучи да додели:

- Прва (изведбена) награда во износ од 200.000,00 денари, за идејниот проект за подигање спомен обележје на „ Пјетер Богдани„ под работен (деловоден) број 08- 51/1 од авторот Љиндита Беќири, со шифра на авторот „1984„

Во овој труд авторот комплетно одговорил на нормите на високо аналитичко скулптурно и ликовно решение. Скулптурата е единствена по својата едноставност и монументалност, но и по ликовно естетските содржини имплементирани во моделацијата и третирањето на артикулацијата на формите низ просторот и обратно.

Позицијата на маркантната фигура ја покажува грациозноста и мудроста на деецот.

Софистицирано одбраната пластика го зголемува чувството на продлабочен психолошки ефект.

- Втора награда во износ од 120.000,00 денари, за идејниот проект за подигање спомен обележје на „ Пјетер Богдани„, под работен /деловоден/ бр. 08-49/1 од авторот Нехат Беќири со шифра на авторот „Ателје„.

Во второ наградениот труд, авторот вложил сериозен ликовен напор на концилирање на скулптурална целина, која во најмала рака импонира со својата монументалност и волуминозна моќ. Тоа е современ пример каде авторот вложил ликовен напор во конципирање на целина каде е вложен сиот манир на мајстор на скулпторската практика.

- Трета награда во износ од 60.000,00 денари, за идејниот проект за подигање спомен обележје на „Пјетер Богдани„, под работен /деловоден/ бр. 08-54/1 на авторот Башким Меџити.

За ова идејно решение, Одборот смета дека истото е воспоставено во специфична и контролирана вертикала. Држењето на фигурата е автентично и достоинствено за ликовно решение на деец како Пјетар Богдани.

Пластицитетот и ликовниот ракопис на авторот е слободен на многу сериозен и по однос на слоевитоста на скулптурскиот занает.

Согласно горе изнесеното, Одборот му предлага на Советот да се подигне спомен обележје на „Пјетер Богдани„ според првонаградениот идеен проект на авторот Љиндита Беќири.

Одбор за подигање спомен
обележје на „Пјетер Богдани„
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бранислав Саркањац

/г/ 2011 извештај Пјетер Богдани/1/